# Настава

371.321:93

Светозар НАУМОСКИ

## ПОВТОРУВАЊЕТО ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА — ЦЕЛ, ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Повторувањето преставува составен и многу значаен дел на наставниот процес, кој се состои од низа посебни наставни облици, начини и работни постапки, коишто имаат за цел: зацврстување, продлабочување, систематизирање и усвојување на предаденото наставно градиво,[1] односно зголемување на квалитетот и квантитетот на ученичките знаења.[2] При тоа би нагласиле дека повторувањето е составен дел на наставниот процес по сите наставни предмети, вклучувајќи ја и историјата како наставен предмет. Тоа е и еден од поводите, во овој и во други наредни прилози да се позанимаваме со проучувањето на повторувањето како дел од наставниот процес по предметот историја, и ова прашање (повторувањето) да го разгледаме преку еден поширок спектар на прашања, кои битно делуваат на успешноста на наставниот процес по овој наставен предмет.

*

*   *

Целта, односно задачата на наставата по сите наставни предмети вклучувајќи го и предметот историја не е само во тоа наставниот материјал да им го направи колку што е можно подостапен и поразбирлив на учениците, туку и во тоа, материјалот што учениците јасно го сфатиле да го задржат колку што е можно потрајно во сеќавањето, тој да остане нивна трајна сопственост, и да може да им послужи како сигурна основа за нивно понатамошно здобивање со нови знаења, кои ќе можат да ги употребат секогаш кога ќе им потреба, како во

---

1 *Д-р Љубомир Крнета,* Милена Поткоњак и д-р Никола Поткоњак, Педагогија, Београд, 1965, стр. 312.

2 *Д-р Никола Филиповиќ,* Дидактика II, Сарајево, 1980, стр. 90.

училиштето, така и надвор од училиштето — во животот.[3] Тоа може да се постигне само преку часовите за повторување, вежбање, обопштување, утврдување и систематизирање. Повторувањето во наставата следува по обработката на одреден дел од наставното градиво, и истото се изведува низ повеќе фази и облици во наставниот процес, како на пример: во вид на иманентно повторување во воведниот и главниот дел на часовите кога се изучува ново наставно градиво, потоа на крајот на овие часови кога всушност се врши, на некој начин, рекапитулација на новоученото градиво на часот и се извлекуваат заклучоци, како и одржување на посебни часови за повторување, како неизоставно-составен дел на наставниот процес.[4] При тоа треба да се укаже на фактот, дека повторувањето не значи дека наставникот по втор пат го обработува истото (предаденото) наставно градиво кое е веќе заборавено, туку напротив, повторувањето како организиран наставен процес има за цел да го спречи заборавањето на она што е еднаш сфатено, меѓутоа, кое уште не е конечно усвоено, и не останало трајна своина на учениците.[5] Всушност, повторувањето преставува борба против заборавањето, и игра функција на значајна карика во процесот на стекнувањето знаења. Имајќи предвид дека учениците во наставата по предметот историја поради неговите специфичности учат (се запознаваат со) голем број историски факти и хронолошки податоци, сосема е извесно дека постои и поголема можност на заборавање на предаденото наставно градиво.[6]

Процесот на повторувањето во наставата по предметот историја и пошироко, може да се констатира дека има двојна функција. Првата негова функција има за цел да послужи како средство, кое ќе го стимулира запомнувањето и систематизирањето на изученото наставно градиво, а додека вторага негова функција се состои од придонесот за задржувањето во свеста на ученикот на здобиените знаења од изучената методска единица. И првата и втората функција на повторувањето на наставното градиво во наставата по историја, се тесно поврзани со процесот на систематизирањето на изученото наставно градиво. Систематизирањето на наставното градиво во наставата по историја преставува процес, во кој се открива логичкиот и хронолошкиот редослед на историските настани, кои ги проучуваме. При тоа, кај учениците се поттикнуваат интелектуалните активности, при што тие (учениците) со способностите на својот интелект вршат средување (структуира-

---

[3] *Проф. Радован Теодосиќ,* Педагогија, Скопје, 1912, стр. 262.

[4] *Златибор Поповиќ,* Методика наставе историје, Београд, 1971, стр. 184—186.

[5] *Д-р Љубомир Крнета,* Милена Поткоњак и д-р Никола Поткоњак, Педагогија, . . ., стр. 312.

[6] *Марија Врбетиќ,* Како учити историју, Београд, 1983, стр. 137; *Хасан Ѓикиќ,* Испитивање и понављање историског градива у основној школи, Сп. „Наша школа“, Сарајево, 1952, бр. 9—10, стр. 409.

ње, распоредување, класифицирање, групирање и сл.) на научните, односно наставните содржини.[7]

На часовите за повторување за да се постигнат планираните воспитно-образовни ефекти, и дидактичко оправдување за нивното изведување, односно одржување, овие часови треба да бидат добро организирани и програмирани во зависност од условите во училиштето, при што видна улога играат и креативните способности на наставникот, во случајов на наставникот по историја. При тоа, треба неизоставно да бидат исполнети и некои методско-дидактички барања, како на пример:

1. Повторувањето на наставното градиво по историја не смее да се сведе на проста механичка репродукција на обработеното градиво, односно повторувањето не смее да се сведе на проста буквална копија на обработениот материјал, туку од него содржински и квалитативно треба да се разликува. Со својата разновидност, повторувањето на наставното градиво мора да има „дразба на свежина и новина".[8] Само на тој начин, повторувањето ќе побудува, односно инспирира интерес кај учениците, и ќе го поттикнува нивното внимание. Повторувањето во наставата по историја, а може да се рече и по останатите наставни предмети, каде што не се исполнети овие услови, истото не го побудува ученичкиот интерес, и на процесот на повторувањето учениците гледаат со омаловажување,[9] таквите часови на учениците им се досадни. Наставната практика бележи податоци што зборуваат за неретките изјави на учениците во кои тие изнесуваат дека престојот, односно наставата во училиштето за време на ваква организираните часови за повторување за нив се најтешки, бидејќи им се најдосадни и неинтересни.[10] Овој екстензивен начин на повторување во наставата не бара од наставникот по историја поголеми подготовки, но при тоа се постигнуваат слаби ефекти во наставниот процес. Повторувањето не смее да се врши во истиот облик во кој наставникот го изнел (предал) наставното градиво прв пат, пред учениците, или во обликот што е изнесен во учебникот, туку во нов облик што ќе се одликува со нов распоред, нова содржинска композиција, збогатена со нови историски факти и примери. Наставната практика укажува на фактот дека, ако повторувањето на наставното градиво го организираме така што ќе бараме од учениците да го повторуваат наставното градиво во неизменет облик во кој го изнел наставникот или во кој е изнесен во учебникот по историја и при тоа да бараме учениците да се придржуваат по истиот композициски редослед, да го повторуваат истиот редослед на зборовите итн.,

---

[7] *Марија Врбетиќ*, Како учити . . ., стр. 137.

[8] *Проф. Радован Теодосиќ*, Педагогија, . . ., стр. 263.

[9] *Мирко Станаревиќ*, Понављање земљописа из III разреда на почетку година IV разреда, Сп. „Наша школа", Сарајево, 1953, бр. 7—8, стр. 364.

[10] *Силва Бјеља*, Како да се организују сати понављања у настави повијести у основној школи, Сп. „Настава по историју", Загреб, 1967/68, бр. 4, стр. 31.

тогаш, при ваквиот начин на повторување наставникот по историја може да утврди како учениците го запомниле изученото наставно градиво, но не и дали го разбрале. Буквалната (проста) репродукција на наставното градиво речиси по правило е резултат и во истовреме доказ за механичко учење, односно учење без разбирање,[11] кое особено во наставата по историја нема никаква корист, зашто целта на наставата по историја меѓу другото е и развој на историското мислење кај учениците, и критичко согледување, од нивна страна, на историските факти без кое учениците не можат да ги сфатат законитостите на историскиот развој на човечката цивилизација. Само ако ја сфатат суштината на историските настани и тековите на историскиот развој, повторувањето во наставата по историја ќе ја оствари својата основна цел, односно задача да обезбеди што потрајно задржување во учениковото помнење на знаењата по историја, и нивна примена во животот.

2. Избегнувањето на механичката репродукција на изученото наставно градиво, односно механичкиот начин на учење во наставата по историја, е една од основните задачи на наставникот по историја. Наставникот по историја-практичар тоа може да го постигне на повеќе начини, при изведувањето на наставниот процес. Така на пример, многу ефикасно може да се спречи механичкото учење и изложување (репродукција) на наставното градиво од страна на учениците, ако наставникот го активира мислењето на учениците на тој начин што извлечените основни прашања од материјалот ќе ги формулира така, што ученикот не ќе може да одговори со просто прераскажување на материјалот, по редоследот што е изнесен од страна на наставникот[12] или во учебникот по историја, туку само преку самостојно размислување на ученикот и разбирање, односно синтетизирање на историските факти во наставното градиво. На овој начин ќе биде оневозможено механичкото усвојување, односно учење на историјата, и учениковата интерпретација на изученото градиво ќе биде резултат на свесно усвоени сознанија од наставното градиво по историја, и во историски континуитет.[13]

3. Успехот на повторувањето на наставното градиво зависи и од тоа, дали тоа градиво при предавањето на часовите по историја било јасно, прегледно, систематизирано и поврзано изнесено. Од ова произлегува дека успехот на повторувањето на предаденото наставно градиво по историја, во голем дел зависи и од квалитетот на наставната работа на наставникот по историја.[14]

---

11 *Проф. Радован Теодосиќ*, Педагогија, . . ., стр. 264.

12 Исто, стр. 264.

13 *Божидар Павловиќ*, Нека запажања о провјеравању знања код ученика основне школе, Сп. „Наша школа", Сарајево, 1951, бр. 7—8, стр. 380.

14 *Д-р Љубомир Крнета, Милена Поткоњак и д-р Никола Поткоњак*, Педагогија, . . ., стр. 313.

4. Една од значајните компоненти од која зависи успехот во процесот на повторувањето е и емоционалниот момент. Наставникот треба да настојува учениците да ги мотивира и емотивно да ги подготви за повторување на определеното наставно градиво по историја, односно да предизвика и развие интерес кај учениците, подготвеност и решеност за да се доведе до крај совладувањето на наставното градиво.

5. Работата во содржински поглед на часовите за повторување во наставата по историја не треба да се состои само од повторување на стариот (се мисли еднаш изучениот) наставен материјал, туку секогаш да се внесуваат елементи и од нов материјал, односно да се додава по нешто ново, по некој нов историски податок, нов факт, нов опис, нова илустрација со нов пример, да се употребат нови нагледни средства, кои не биле употребени во процесот на изучувањето (предавањето) на новото градиво, потоа да се користи дополнителна стручна литература итн., коишто нови елементи ќе придонесат изученото наставно градиво подобро да се разјасни, да се осветли она што евентуално при наставниковото предавање на методската единица останало нејасно, како и со цел да се дополни и продлабочи веќе познатото. Овој начин на наставна работа на часовите за повторување Ушински ја споредувал со „растењето на дрво, кое секоја година добива нови фиданки и во исто време се подлабоко го пушта коренот, и го здебелува своето стебло“.[15]

6. За да се остварат подобри резултати при повторувањето во наставниот процес, од големо значење е водењето сметка за тоа, растојанието помеѓу првото усвојување (предавањето) на наставното градиво и почетокот на процесот на неговото повторување да не биде големо. Досегашните резултати на психологијата на полето на проучувањето на процесите на помнењето и усвојувањето на новоученото градиво покажуваат дека заборавањето кај учениците е најголемо набргу по предавањето на наставното градиво, а подоцна заборавањето е сè побавно. Затоа, процесот на повторувањето на предаденото наставно градиво треба да започне пред да започне процесот на заборавањето.[16] Тоа ја наметнува потребата наставниците-практичари при изготвувањето на годишните глобални планови и годишните оперативни планови да водат сметка за распоредот на часовите за повторување. При тоа, би укажале на фактот, дека испитувањата на овој план во практиката покажуваат дека е подобро да се прават пократки повторувања распределени на подолго време, отколку концетрирани повторувања, односно повторувања кои не се разделени со извесни временски растојанија.[17]

---

[15] *Проф. Радован Теодосиќ*, Педагогија,..., стр. 265.

[16] *Д-р Никола Филиповиќ*, Дидактика II,..., стр. 91.

[17] *Проф. Радован Теодосиќ*, Педагогија,..., стр. 266; *Д-р Љубомир Крнета, Милена Поткоњак и д-р Никола Поткоњак*, Педагогија,..., стр. 314.

7. И за овој вид на часови (се однесува на часови кои се целосно посветени на повторување на изученото наставно градиво) наставникот по историја-практичар треба да изврши претходни подготовки, за кои слободно може да се каже дека треба да бидат исто така големи и студиозни, како и подготовките за изведување на часовите кога се изучува (предава) нова наставна единица. И часовите за повторување треба да се планираат, и изведуваат според однапред програмирана, односно подготвена артикулација, која треба да ги содржи следните етапи, односно фази, и тоа:

I фаза: — Најава, всушност воведен разговор со учениците, за содржината на повторувањето;

II фаза: — Изнесување (запишување на таблата) на планот на содржините, за кои ќе стане збор (ќе бидат повторени) на часот;

III фаза: — Повторување, утврдување, обопштување, систематизирање на наставните содржини предвидени со планот на часот (ова е всушност главниот дел на часот);

IV фаза: — Извлекување заклучоци, врз основа на повторените наставни содржини на часот.[18]

*

* *

Од севкупното досегашно излагање можеме да заклучиме, дека, повторувањето преставува неизоставно-составен дел на добро организирана наставна работа, кое е особено значајно во наставата по историја. При тоа би констатирале дека процесот на повторувањето во наставата не е едноставна работа. Неговото успешно изведување е условено од степенот на подготовките на наставникот-практичар, неговите креативни способности и залагање. Наставникот по историја мора најодговорно да се однесува спрема повторувањето, како составен и конструктивен дел од наставниот процес по предметот историја. Тоа истото се однесува и за учениците, од кои исто така се бара активно учество во овој дел од наставниот процес.

---

[18] *Јосип Демарин*, Настава повијести у основној школи (специјална дидактика), Загреб, 1961, стр. 88.